RESIS
ИНСТИТУТ ЗА
ИСТРАЖУВАЊЕ НА
ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ

# КОМУНИКАЦИСКИ НАВИКИ, СТАВОВИ И ПОТРЕБИ НА ЛИЦАТА СО ОШТЕТЕН ВИД

(АНКЕТА РЕАЛИЗИРАНА ВО ИСТОЧНИОТ И ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН)



**Наслов:**

Истражување на комуникациските навики, знаења, потреби и интереси на ранливите групи граѓани (Источен и Југоисточен регион)

**Издавач:**

Институт за истражување на општествениот развој РЕСИС

**Истражувачки тим:**

Снежана Трпевска
Игор Мицевски
Јулијана Младеновска
Љубинка Поповска Тошева

**Техничко уредување:**

Симончо Симоновски

Оваа компаративна анализа е изработена за потребите на Институтот РЕСИС, во рамки на проектот „Поттикнување на граѓанскиот ангажман во локалното владеење“, поддржан од Националниот фонд за демократија (National Endowment for Democracy) од САД.

NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Националниот фонд за демократија.

RESIS
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ

# КОМУНИКАЦИСКИ НАВИКИ, СТАВОВИ И ПОТРЕБИ НА ЛИЦАТА СО ОШТЕТЕН ВИД

## (АНКЕТА РЕАЛИЗИРАНА ВО ИСТОЧНИОТ И ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН)



Скопје, јуни 2023 година

## Содржина

**Вовед** ... 3
За истражувањето ... 3
Примерок ... 3
**Преглед на клучните наоди** ... 4
Пристап до комуникациски технологии, пречки и навики на користење ... 4
Преференци за содржини и извори на информирање за домашните настани ... 4
Критички ставови за медиумите и начини на проверка на информациите ... 5
Користење интернет и облици на партиципација во јавната сфера ... 5
**Клучни наоди** ... 6
Комуникациски уреди во домаќинствата ... 6
Навики на користење на медиумите и комуникациските уреди ... 7
Пречки при користењето на комуникациските уреди и интернетот ... 8
Преференци за различни видови медиумски содржини ... 9
Извори на информирање за домашните настани ... 10
Ставови за телевизиите на национално ниво ... 11
Ставови за телевизиите на регионално и локално ниво ... 12
Во која мера се согласувате или не се согласувате со секој од следниве ставови за телевизиите на регионално и локално ниво? ... 12
Ставови за информативните портали ... 13
Проверка на точноста на информациите ... 14
Лицата со оштетен вид како корисници на интернет ... 15
Партиципација во јавната сфера ... 17
**Заклучоци** ... 18

# Вовед

## За истражувањето

Пристапот до технологиите, комуникациските канали и поседувањето вештини и способности за комуникација преку медиумите и јавната сфера се особено важни за развојот на сите општествени групи и за нивно вклучување во развојните политики на национално и локално ниво. Ова е од посебно значење за граѓаните кои живеат со различни облици на ранливост, било да се работи за ранливост поврзана со објективна попреченост (био-медицински модел), со нивото на индивидуален развој (функционален модел), или пак со ранливост конструирана и индуцирана од околината (социо-политички модел).

Овој кус извадок од целосниот извештај од истражувањето дава увид во секојдневните навики на користење на медиумите и комуникациските технологии на лицата со оштетен вид, но исто така и пречките и проблемите со кои тие се соочуваат во пристапот до медиумите и јавната сфера. Резултатите од ова истражување ќе послужат како поттик за различни активности на граѓанските организации кои работат на унапредување на правата на ранливите групи граѓани на локално ниво.

Истражувањето го спроведе Институтот за истражување на општествениот развој - РЕСИС, со поддршка на граѓански организации од Источниот и Југоисточниот регион[1]. Истражувањето е спроведено во рамки на проектот *Поттикнување на граѓанскиот ангажман во локалното владеење* – LocalActiveMedia поддржан од Националната фондација за демократија од САД.

## Примерок

Примерокот на испитаници со оштетување на видот со кои беше реализирана анкетата се состоеше од 89 лица од Источниот и Југоисточниот регион. Анкетата ја реализираа активисти на граѓанските организации од двата региона, на намерен (квотен) примерок испитаници, изработен врз основа на податоците од Пописот во РСМ во 2021 година. Планираниот квотен примерок се состоеше од 580 испитаници со различен тип на попреченост во двата региона[2]. Максималната квота испитаници со оштетен вид што беше поставена со анкетата изнесуваше 119 лица. Граѓанските активисти што работат со оваа група граѓани успеаја во анкетата да обезбедат учество на 89 лица со оштетен вид, или 75% од планираната квота.

Од вкупниот број испитаници што учествуваа во анкетата, 37 беа лица кои воопшто не гледаат, 45 со многу тешкотии, а 7 со извесни тешкотии при гледањето. Во примерокот доминираат испитаниците на поголема возраст, или над 60 години 48,3%, од 50-59 години 21,3% и од 40-49 години 13,5%. Другите возрасни групи се помалку застапени. Важно е да се нагласи дека возраста на оваа група испитаници дополнително го зголемува нивото на нивната ранливост што несомнено се одразува и врз нивните комуникациски навики, проблеми и потреби.

1 Во анкетата со четири категории ранливи групи учествуваа следните граѓански организации: Фондацијата за развој на локалната заедница од Штип, Едукативно-хуманитарната организација ЕХО Штип, Бравура Кооператива Делчево, КХАМ Делчево, Мобилност Кочани, Здружението на слепи лица Штип, Здружението на лица со телесна попреченостШтип и Черења Штип (Источен регион); Ресурсниот центар за одржлив развој Гевгелија, Организацијата на жени од Струмица, Мобилност Струмица, Полимат 13 Богданци и Женска акција Радовиш.

2 Поради недоволно деталните податоци од Пописот во примерокот не беа определени квоти врз основа на старосната и географската дистрибуција на овие популации, туку само врз основа на типот на попреченост.

# Преглед на клучните наоди

## Пристап до комуникациски технологии, пречки и навики на користење



- **Опрема во домаќинствата:** паметни телефони - 65,2%, паметен ТВ - 64%, компјутер - 60,7%, стандарден ТВ - 57,4%, мобилен без интернет - 40,4%, радио - 24,7%, таблет - 9%.
- **Пречки:** Отсуство на знаења и вештини за користење компјутер (77,5%), за пребарување содржини на интернет (59,5%) и за користење паметен телефон (58,4%). Немаат пристап до асистивна технологија за работата на компјутер (69,7%) и за читање Веб страници (51,7%). Домашните ТВ програми немаат дополнителен звучен опис (47,6%).
- **Навики на користење:** комуницирање преку мобилен телефон - 95,5%, следење ТВ содржини - 88,8%, слушање радио - 24,7%, работа на компјутер - 20,2%, фотографирање - 15,7%, читање книга – 5,6%.

## Преференци за содржини и извори на информирање за домашните настани




- **Преферирани содржини:** вести (96,6%) и, музика (89,9), комични содржини (86,5%), едукативни содржини (53,9%), практични и корисни совети (48,3%), содржини за популарни личности од филмот и естрадата (43,8%) актуелно-политички содржини (41,6%), спортски содржини (36%), совети за купување производи (32,6%), играни филмови (27%), документарни филмови (21,3%), верски содржини (2,2%).
- **Извори на информирање:** национални ТВ (73%), регионални/локални ТВ (64,1%), разговори со роднини и пријатели (25,8% секојден и 63,6% најмалку еднаш неделно), информативните портали (28,1%), постови на социјалните мрежи (13,5%), радио (14,6%).



## Критички ставови за медиумите и начини на проверка на информациите



- **ТВ на национално ниво:** вестите се партиски обоени (91%), има сензационализам (80,9%), даваат различна слика за исти настани (60,3%), ги игнорираат мислењата на луѓето со оштетен вид (52,8%) и не известуваат за нивните проблеми (48,3%).
- **ТВ на регионално и локално ниво:** вестите се партиски обоени (79,8%), има сензационализам (66,3%), даваат различна слика за исти настани (52,8%), ги игнорираат мислењата на луѓето со оштетен вид (39,3%) и не известуваат за нивните проблеми (38,2%)..
- **Информативни портали:** вестите се партиски обоени (84,8%), има сензационализам (89,1%), даваат различна слика за исти настани (63,1%), ги игнорираат мислењата на луѓето со оштетен вид (39,2%) и не известуваат за нивните проблеми (45,7%).
- **Проверка на информациите:** најчесто преку разговори со други луѓе (51,7%), а најретко преку самостојно пребарување и споредба со релевантни извори (7,8%).

## Користење интернет и облици на партиципација во јавната сфера



- **Користење интернет:** 51,7% од испитаниците со оштетен вид користат интернет самостојно (31,5%) или со асистенција на друго лице (20,2%). Онлајн одат најчесто од мобилен телефон (86,9%), а поретко од компјутер (50%).
- **Активности на интернет:** комуникација преку Скајп, Вибер, Месинџер (91,3%), социјални мрежи (69,6%), слушање музика (45,7%), информирање од веб-страници (30,4%), пребарување информации за работа или студии (28,2%), електронска пошта (27,9%), гледање видео содржини (25,7%), пребарување огласи за производи и услуги (26%).
- **Најретки активности:** електронско банкарство и плаќање сметки (13,1%), купување производи и услуги (6,5%) и преземање апликации или софтвер (4,5%).
- **Учество во јавната сфера:** споделување линкови на мрежите (24,7%), коментари на мрежите (21,3%), коментари на порталите (11,2%), контакти со новинари (10,1%), јавувања во емисии (7,9%).

# Клучни наоди

## Комуникациски уреди во домаќинствата

- Околу две третини од домаќинствата на лицата со оштетен вид имаат пристап до паметни комуникациски уреди: паметни телефони (65,2%), паметни телевизори (64%), персонални компјутери (60,7%).
- Од паметните уреди, лицата со оштетен вид најчесто користат паметен телевизор (57,3%) и паметен телефон (56,1%), а помалку персонален компјутер (33,7%).
- Аналогните уреди се помалку присутни во овие домаќинства: мобилни телефони без интернет - 40,4%, стандардни телевизори без интернет - 57,4% и радио - 24,7%.
- Од аналогните уреди, лицата со оштетен вид најчесто ги користат телевизорите (48,4%), потоа мобилните телефони (39,4%), додека радио слушаат само 24,7%.

**Кои електронски или комуникациски уреди ги имате, односно ги користите во домот во кој живеете?**




| ОШТЕТЕН ВИД | Го има лично и го користи | Го има лично, но не го користи | Го има во домот и го користи заеднички | Го има во домот, но не го користи | Го нема |
|---|---|---|---|---|---|
| Паметен мобилен телефон (со интернет) | 44,9% | 2,2% | 11,2% | 6,7% | 34,8% |
| Мобилен телефон (без интернет пристап) | 27,0% | | 12,4% | 1,1% | 59,6% |
| Стандарден телевизор (без интернет) | 12,4% | 3,4% | 36,0% | 5,6% | 42,7% |
| Паметен телевизор (со интернет) | 12,4% | 2,2% | 44,9% | 4,5% | 36,0% |
| Радио | 5,6% | | 19,1% | 21,3% | 53,9% |
| Персонален компјутер или лаптоп | 15,7% | 3,4% | 18,0% | 23,6% | 39,3% |
| Таблет или читач на електронски книги | 3,4% | | | 5,6% | 91,0% |

## Навики на користење на медиумите и комуникациските уреди

- Комуницирањето преку мобилен телефон е најчеста активност на лицата со оштетен вид: вкупно 95,5% одговориле дека секојдневно (76,4%) или неколку пати неделно (19,1%) користат мобилен телефон за разговори.
- Минувањето време пред телевизорот е втора најчеста активност на овие испитаници: дури 88,8% навеле дека секојдневно (69,7%) или неколку пати неделно (19,1%) користат различни телевизиски содржини.
- Лицата со оштетен вид минуваат значително помалку време во слушање радио: само една четвртина (24,7%) рекле дека радио слушаат секојден (15,7%) или неколку пати неделно 9%).
- Вкупно 20,2% од овие испитаници рекле дека персонален компјутер за учење, професионални потреби или хоби користат секојдневно (10,1%) или неколку пати неделно (10,1%).
- Помал дел од анкетираните лица со оштетен вид одговориле дека (секојдневно или неколкупати неделно) прават фотографии (вкупно 15,7%), а мошне мал процент дека редовно читат книги (5,6%).

**Последниве три месеци, колку често сте ги правеле следниве активности?**




| ОШТЕТЕН ВИД | Секој ден | Неколку пати неделно | Неколку пати месечно | Еднаш | Воопшто не |
|---|---|---|---|---|---|
| Гледање/користење телевизија | 69,7% | 19,1% | 4,5% | | 6,7% |
| Одење на кино | | | | 1,1% | 98,9% |
| Одење на театар | | | 3,4% | 6,7% | 89,9% |
| Слушање радио | 15,7% | 9,0% | 9,0% | 2,2% | 64,0% |
| Читање печатен весник или списание | | 1,1% | 5,6% | 2,2% | 91,0% |
| Читање книга | 1,1% | 4,5% | 5,6% | 3,4% | 85,4% |
| Работење на компјутер (учење, професионални потреби, хоби) | 10,1% | 10,1% | 10,1% | 1,1% | 68,5% |
| Играње видео игри (на конзола, на компјутер или на мобилен) | 2,2% | 1,1% | 1,1% | | 95,5% |
| Користење мобилен телефон за разговори | 76,4% | 19,1% | 1,1% | | 3,4% |
| Фотографирање | 1,1% | 14,6% | 14,6% | 6,7% | 62,9% |
| Снимање видео клипови | | | 16,9% | 5,6% | 77,5% |

## Пречки при користењето на комуникациските уреди и интернетот

- Иако голем процент од лицата со оштетен вид користат паметен телефон, сепак 64% се согласиле (целосно и главно) со ставот дека им е потребна помош од друг човек, додека 58,4% навеле дека немаат знаење и вештини за користење на телефонот.
- Главни пречки за користењето персонален компјутер за овие испитаници се тоа што: немаат знаење и вештини за работа на компјутер (77,5%), немаат пристап до технологија што ќе им ја олесни работата на компјутер (69,7%) или немаат кој да им помогне при користењето на компјутерот (68,5%).
- Речиси две третини (59,5%) од испитаниците се изјасниле дека немаат знаења и вештини за пребарување содржини на интернет, а според половината (51,7%) Веб страниците генерално не се прилагодени за да можат да ги користат лицата со овој облик на сетилна попреченост.
- Најголем број испитаници се согласиле (целосно или главно), дека недостигот на финансиски средства не им претставува пречка да користат паметен телефон (92,1%), односно да користат персонален компјутер (86,5%).
- Речиси половина (47,6%) се согласиле и дека имаат потешкотии во следењето на ТВ програмите поради фактот што не се обезбедува дополнителен звучен опис, што веројатно се должи на фактот што значаен дел од овие испитаници (особено повозрасните) имаат и проблеми со слухот.

**Проблеми и пречки при користењето на комуникациските технологии, медиумите и интернетот**




| ОШТЕТЕН ВИД | Целосно е точно | 2 | 3 | 4 | Воопшто не е точно |
|---|---|---|---|---|---|
| Немам знаење и вештини за работа на компјутер | 58,4% | 19,1% | 4,5% | | 6,7% |
| Немам пристап до соодветна помошна технологија што ќе ми ја олесни работата на компјутер | 65,2% | | | 1,1% | 98,9% |
| Ми треба помош од друг човек при користење компјутерот | 64,0% | | 3,4% | 6,7% | 89,9% |
| Немам доволно финансиски средства да купам компјутер | 2,2% | 9,0% | 9,0% | 2,2% | 64,0% |
| Тешко ми е да следам филмови на домашните ТВ канали кога немаат дополнителен звучен опис | 67,4% | 1,1% | 5,6% | 2,2% | 91,0% |
| Немам знаења и вештини за пребарување содржини на веб страници | 58,4% | 4,5% | 5,6% | 3,4% | 85,4% |
| Веб страниците генерално не се дизајнирани според потребите на лицата со попреченост | 32,6% | 10,1% | 10,1% | 1,1% | 68,5% |
| Немам доволно финансиски средства за да купам паметен телефон со пристап до интернет | 1,1% | 1,1% | 1,1% | | 95,5% |
| Немам знаење и вештини за користење паметен телефон со пристап до интернет | 51,7% | 19,1% | 1,1% | | 3,4% |
| Ми треба помош од друг човек при користењето паметен телефон | 52,8% | 14,6% | 14,6% | 6,7% | 62,9% |



## Преференци за различни видови медиумски содржини

- Лицата со оштетен вид имаат најголем интерес за вести – дури 96,6% одговориле дека информациите за актуелните настани ги добиваат од вестите на домашни медиуми. Но, помалку од половината испитаници (41,6%) навеле дека сакаат да следат дебати и други содржини поврзани со актуелната политика.
- Голем процент испитаници навеле и дека многу често слушаат музика или музички спотови (89,9%) или следат комични содржини (86,5%). Другите забавни содржини се следат во помала мера: содржини за популарни личности од филмот и естрадата (43,8%), спортски содржини (36%) и играни филмови (27%).
- Околу половина од лицата со оштетен вид навеле дека сакаат да следат едукативни содржини (53,9%) или содржини со корисни совети (48,3%).
- Интересот за документарни филмови е помал (21,3%(, а најмалку испитаници следат верски содржини (2,2%).

**Дали и какви медиумски содржини најчесто користите: гледате, слушате или читате?**




| ОШТЕТЕН ВИД | Да | Не |
|---|---|---|
| Вести на домашните медиуми | 96,6% | 3,4% |
| Музички спотови | 89,9% | 10,1% |
| Комични содржини | 86,5% | 13,5% |
| Видеа и други содржини со едукативни содржини | 53,9% | 46,1% |
| Видеа и други содржини со совети за готвење, домаќинство и сл. | 48,3% | 51,7% |
| Содржини за популарни личности од филмот и естрадата | 43,8% | 56,2% |
| Политичка содржина (пр. дебатни емисии, колумни и сл.) | 41,6% | 58,4% |
| Спортски содржини | 36,0% | 64,0% |
| Видеа и други содржини што ви помагаат да купите определени производи | 32,6% | 67,4% |
| Играни филмови | 27,0% | 73,0% |
| Документарни филмови | 21,3% | 78,7% |
| Верски содржини | 2,2% | 97,8% |

## Извори на информирање за домашните настани

- Лицата со оштетен вид за домашните настани се информираат најчесто од вестите на домашните ТВ станици на национално ниво (73%) и од вестите на ТВ станиците на локално ниво (64,1%).
- Паралелно со ТВ станиците, важен извор на информации за оваа група испитаници се разговорите со блиски лица: 25,8% секојдневно, а дури 66,3% најмалку еднаш неделно разговараат за домашните случувања со роднини и пријатели.
- Лицата со оштетен вид кои самостојно или со туѓа помош користат интернет изјавиле дека за домашните случувања се информираат од информативните портали (28,1% секојдневно и 15,7% најмалку еднаш неделно), или од постови на пријателите на социјалните мрежи (13,5% секојдневно и 21,3% најмалку еднаш неделно).
- Радиото значително помалку се користи како извор на информирање за дневните случувања во земјата: 14,6% секојдневно, а 9% најмалку еднаш неделно слушаат вести на некое домашно радио.

### Колку често за домашните настани во Македонија, се информирате од следните извори




| ОШТЕТЕН ВИД | Секој ден или речиси секој ден | Најмалку еднаш неделно | Најмалку еднаш месечно | Помалку од еднаш месечно | Никогаш |
|---|---|---|---|---|---|
| Од вестите на домашните национални ТВ станици | 73,0% | 19,1% | 3,4% | 1,1% | 3,4% |
| Од вестите на домашните локални ТВ станици | 64,0% | 16,9% | 6,7% | 5,6% | 6,7% |
| Од вестите на ТВ станиците од соседните земји (РТ Косово, РТ Србија, РТ Албанија, Al Jazeera идр.) | 5,6% | 11,2% | 11,2% | 3,4% | 68,5% |
| Од вестите на меѓународни ТВ канали (CNN, BBC, Deutche Welle и др.) | 1,1% | 2,2% | 1,1% | 2,2% | 93,3% |
| Од вести на радио | 14,6% | 9,0% | 5,6% | 1,1% | 69,7% |
| Од дневни весници | 1,1% | 1,1% | 2,2% | 3,4% | 92,1% |
| Од разговори со роднини, пријатели и колеги | 25,8% | 66,3% | 4,5% | | 3,4% |
| Од информативни портали - вклучувајќи и агрегатори | 28,1% | 15,7% | 1,1% | | 55,1% |
| Од постовите и коментарите на вашите пријатели на Facebook | 13,5% | 21,3% | 3,4% | 3,4% | 58,4% |



## Ставови за телевизиите на национално ниво

Иако се нивни главен извор на информации, лицата со оштетен вид имаат изразен критички став кон начинот на информирање на телевизиите на национално ниво:

- 91% се согласуваат (целосно или главно) со ставот дека повеќето вести што се објавуваат на овие телевизии се партиски обоени;
- 80,9% сметаат дека во вестите на овие телевизии има сензационализам;
- 66,3% се согласуваат со ставот дека во ТВ вестите тие даваат различна слика за едни исти настани.

Позитивни ставови се искажани во поглед на начинот на кој националните телевизии известуваат за припадниците на различни општествени групи, вклучително и за лицата со сетилна попреченост:

- 41,6% не се согласуваат со ставот дека во програмите на овие телевизии често се навредуваат поединци или групи врз која било основа, а 51,7% не можеле да го определат својот став во однос на ова прашање;
- 80,9% не се согласуваат со ставот дека луѓето кои живеат со тешкотии предизвикани од сетилната попреченост (оштетен вид) негативно се претставуваат во програмите на националните телевизии;

Во поглед на пристапот на лицата со оштетен вид до програмите на националните телевизии, ставовите се поделени:

- Над половина од испитаниците или 52,8% се согласиле дека националните телевизии ги игнорираат мислењата на луѓето што живеат со тешкотии предизвикани од нивната сетилна попреченост, а 23,6% не се согласиле со овој став, а 23,6% немаат формиран став во врска со ова прашање;
- 48,3% од испитаниците сметаат дека националните телевизии не известуваат за проблемите и потребите на луѓето со сетилна попреченост, а 40,5% не се согласиле со овој став.

### Во која мера се согласувате или не се согласувате со секој од следниве ставови за домашните телевизии на национално ниво?



## Ставови за телевизиите на регионално и локално ниво

Во поглед на начинот на информирање на телевизиите на регионално и локално ниво, лицата со оштетен вид имаат речиси исто толку критички ставови како и за националните телевизии:

- 79,8% се согласуваат (целосно или главно) со ставот дека повеќето вести што се објавуваат на овие телевизии се партиски обоени, 20,2% немаат никаков став за ова прашање;
- 66,3% се согласуваат со ставот дека во вестите на овие телевизии има сензационализам, а 33,7% немаат став;
- 52,8% се согласуваат дека во ТВ вестите на овие телевизии се прикажува различна слика за едни исти настани, но дури 46,1% за ова немаат никаков став;

Во поглед на начинот на кој овие телевизии известуваат за припадниците на различни општествени групи, вклучително и за лицата со сетилна попреченост, мислењата се главно позитивни или поделени:

- најголем дел од испитаниците 76,4% не се се согласиле со ставот дека луѓето кои живеат со оштетен вид негативно се претставуваат на регионалните и локалните телевизии, а 19,2% не можеле да оценат дали е ова така;
- над половината или 51,7% не можеле да оценат дали во програмите на овие телевизии често се навредуваат поединци или групи врз која било основа, но сепак 43,5% одговориле дека не се согласуваат со ваквиот став.

Ставовите се поделени и во поглед на пристапот на лицата со оштетен вид до програмите на регионалните и локалните телевизии:

- 39,3% се согласиле со ставот дека овие телевизии ги игнорираат мислењата на луѓето со оштетен вид, 34,9% не се согласиле, а 25,8% немаат формиран став за ова прашање;
- 38,2% сметаат дека овие телевизии не известуваат за проблемите и потребите на луѓето со оштетен вид, 37,1% не се согласиле со овој став, а 24,7% немаат став за ова прашање.

**Во која мера се согласувате или не се согласувате со секој од следниве ставови за телевизиите на регионално и локално ниво?**






## Ставови за информативните портали

Испитаниците со оштетен вид кои користат интернет (вкупно 46 испитаници или 51,2%) имаат мошне критички ставови кон информативните портали: :

- 84,8% се согласуваат (целосно или главно) дека повеќето вести на порталите се партиски обоени;
- 89,1% се согласуваат со ставот дека во вестите на порталите има сензационализам;
- 63,1% сметаат дека порталите даваат различна слика за едни исти настани;

Во поглед на начинот на кој порталите известуваат за припадниците на различни општествени групи, вклучително и за лицата со оштетен вид, ставовите се позитивни или пак испитаниците немаат став:

- 82,6% не се согласуваат со ставот дека нивната група негативно се претставува во вестите на порталите;
- 41,3% не сметаат дека во вестите на порталите често се навредуваат поединци или групи, но 52,2% немаат никаков став за ова прашање.

Ставовите се поделени во поглед на пристапот на лицата со оштетен вид до содржините на порталите:

- 82,6% не се согласуваат со ставот дека нивната група негативно се претставува во вестите на порталите;
- 41,3% не сметаат дека во вестите на порталите често се навредуваат поединци или групи, но 52,2% немаат никаков став за ова прашање.

**Во која мера се согласувате со секој од следниве ставови за информативните портали?**



## Проверка на точноста на информациите

Во ситуациите кога добиваат дијаметрално спротивни информации за еден ист настан, односно кога не се сигурни во точноста на информацијата, лицата со оштетен вид најчесто применуваат само два начини на проверка на информациите:

- Најчест начин на проверка на информациите се разговорите со други луѓе во нивната блиска околина - 51,7% тоа го прават секогаш или често, а дури 46,1% одговориле дека само понекогаш го прават тоа;
- Само една четвртина од испитаниците (25,8%) одговориле дека ги игнорираат или отфрлаат сите објавени информации кога не се сигурни во нивната точност, а дури 74,2% тоа го прават само понекогаш.

Оваа категорија ранливи граѓани ретко ја проверува точноста на информациите со постапки што бараат поголем напор и повеќе знаења и вештини:

- 21,3% (секогаш или често) се потпираат на еден извор на информации на кој му веруваат, а дури 46,1% одговориле дека само понекогаш го прават тоа;
- 11,2% прават споредба меѓу содржината на различни прилози и си формираат сопствена слика за настанот;
- 11,2% ги проверуваат информациите на постовите од пријатели на социјалните мрежи;
- 7,8% самостојно истражуваат и прават споредба со информации од релевантни извори

**Што правите ако забележите големи и суштински разлики во информирањето за исти настани на медиумите што вие ги следите?**




| ОШТЕТЕН ВИД | Секогаш | Често | Понекогаш | Никогаш |
|---|---|---|---|---|
| Ги отфрлате или ги игнорирате сите објавени информации за тој настан | 2,2% | 23,6% | 74,2% | |
| Ги споредувате објавените прилози и прифаќате дел од содржината од секој различен медиум | 1,1% | 10,1% | 43,8% | 44,9% |
| Самите истражувате и правите споредба со информации од релевантни извори (на пример проверувате официјални веб страници, документи ...) | 1,1% | 6,7% | 21,3% | 70,8% |
| Ги прифаќате информациите од еден извор на кој му верувате (еден канал, еден весник, еден онлајн информативен портал) | 6,7% | 14,6% | 49,4% | 29,2% |
| Разговарате со членови на семејството, пријатели или други луѓе за мислење и потоа го формирате вашиот став | 15,7% | 36,0% | 46,1% | 2,2% |
| Ги проверувате информациите со граѓанско здружение за да формирате мислење | | 1,1% | 10,1% | 88,8% |
| Ги проверувате постовите на социјалните мрежи (Фејсбук, Твитер) за да формирате мислење | 1,1% | 10,1% | 18,0% | 70,8% |



## Лицата со оштетен вид како корисници на интернет

- Вкупно 51,7% од испитаниците со оштетен вид навеле дека користеле интернет самостојно (31,5%) или со асистенција на друго лице (20,2%). Скоро половина (48,3%) се изјасниле дека никогаш не користеле интернет.

**Дали некогаш сте користеле интернет?**




| ОШТЕТЕН ВИД | Не, никогаш не сум користел интернет | Да, сум користел интернет и БЕЗ асистенција од друг човек | Да, сум користел интернет - НАЈЧЕСТО СО асистенција од друг човек |
|---|---|---|---|
| Дали и колку често во текот на последната година сте испратиле допис до медиумска редакција | 48,3% | 31,5% | 20,2% |

- Оние половина испитаници со оштетен вид, кои користат интернет самостојно или со туѓа помош, тоа најчесто (секојдневно или неколку пати неделно) го прават од мобилен телефон (86,9%), а половината (50%) од компјутер.
- Од активностите што ги прават онлајн најчесто ги наведуваат: разговорите или допишувањето преку Скајп, Вибер, Месинџер, ВатсАп и сл.(91,3%), комуникацијата преку социјални мрежи (69,6%) и слушањето и преземањето музика (45,7%).
- Значително помал број испитаници рекле дека: читаат или пребаруваат информативни веб-страници (30,4%), пребаруваат информации за работа или студии (28,2%), испраќаат или добиваат електронска пошта (27,9%), гледаат или преземаат видео содржини (25,7%), или пребаруваат огласи и информации за производи и услуги (26%).
- Другите 'понапредни' форми на користење интернет се многу поретки кај оваа група испитаници: електронско банкарство и плаќање сметки (13,1%), купување производи и услуги за лична употреба (6,5%) и преземање апликации или софтвер (4,5%).
- Партиципативните практики кај лицата со оштетен вид кои користат интернет се исто така многу ретки: посетување веб-страници на јавни институции (13%), одржување веб-страници или блогови (2,2%), или поставување содржини кои самите ги креирале (0%).

### Колку често Вие лично или со помош на некој друг го правите следново на интернет?




| ОШТЕТЕН ВИД | Секој ден | Неколку пати неделно | Неколку пати месечно | Еднаш месечно | Воопшто не |
|---|---|---|---|---|---|
| Одите на интернет преку мобилен телефон | 73,9% | 13,0% | 2,2% | | 10,9% |
| Одите на интернет преку компјутер | 26,1% | 23,9% | 23,9% | 6,5% | 19,6% |
| Испраќате или добивате електронска пошта | 10,9% | 17,4% | 30,4% | 10,9% | 30,4% |
| Комуницирате преку социјални мрежи (Facebook, Twitter, Instagram, Pinterest итн.) | 37,0% | 32,6% | 4,3% | | 26,1% |
| Разговарате или се допишувате преку Скајп, Вибер, Месинџер, ВатсАп, Хенгаутс и сл. | 67,4% | 23,9% | 6,5% | | 2,2% |
| Играте онлајн игри | 4,3% | 4,3% | | 2,2% | 89,1% |
| Преземате апликации или софтвер | | 4,3% | 2,2% | 8,7% | 84,8% |
| Слушате или преземате музика | 28,3% | 17,4% | 19,6% | 8,7% | 26,1% |
| Гледате или преземате ТВ содржини или видеа | 10,9% | 15,2% | 10,9% | 4,3% | 58,7% |
| Пребарувате информации за вашата работа или студии | 13,0% | 15,2% | 15,2% | 4,3% | 52,2% |
| Читате, преземате или проследувате информативни содржини од веб страници | 15,2% | 15,2% | 10,9% | 4,3% | 54,3% |
| Одржувате веб - страница или блог | 2,2% | | | | 97,8% |
| Поставувате и проследувате содржина што самите сте ја креирале | | | 4,3% | 4,3% | 91,3% |
| Учествувате во онлајн дебати и форуми за граѓански или политички прашања | 2,2% | | 4,3% | | 93,5% |
| Посетувате веб страници на јавни институции | 6,5% | 6,5% | 19,6% | 4,3% | 63,0% |
| Пребарувате огласи и информации за производи и услуги | 4,3% | 21,7% | 26,1% | 4,3% | 43,5% |
| Користите електронско банкарство и плаќате сметки | 2,2% | 10,9% | 10,9% | 2,2% | 73,9% |
| Купувате производи или услуги за лична употреба | | 6,5% | 19,6% | 15,2% | 58,7% |

## Партиципација во јавната сфера

Лицата со оштетен вид своите мислења и ставови за различни прашања најчесто ги искажуваат на социјалните мрежи:

- Една четвртина од испитаниците (24,7%) одговориле во текот на последната година повеќе пати споделиле линкови или други информации на мрежите;
- Една петина (21,3%) повеќе пати постирале лични коментари на мрежите;

Директната комуникација со конкретни медиуми е поретка, но сепак не е занемарлива:

- 11,2% коментирале повеќепати на Веб страниците на информативните портали;
- 10,1% контактирале директно со ноивинар или уредник на некој меидум;
- 7,9% се јавиле директно во контактна радио или ТВ емисија.

### Дали и колку често во текот на последната година сте направиле нешто од следново:




| ОШТЕТЕН ВИД | Да, повеќе пати | Да, само еднаш | Не |
|---|---|---|---|
| Дали и колку често во текот на последната година сте испратиле допис до медиумска редакција | 2,2% | 2,2% | 95,5% |
| Дали и колку често во текот на последната година директно сте контактирале со новинар или уредник | 10,1% | 9,0% | 80,9% |
| Дали и колку често во текот на последната година сте учествувале во контактна радио или ТВ емисија | 7,9% | 9,0% | 83,1% |
| Дали и колку често во текот на последната година сте постирање лични коментари на социјалните мрежи како Facebook, Twitter итн. | 21,3% | 3,4% | 75,3% |
| Дали и колку често во текот на последната година сте споделиле линкови и други информации на социјалните мрежи како Facebook, Twitter итн | 24,7% | 6,7% | 68,5% |
| Дали и колку често во текот на последната година сте напишале текст за блог | 1,1% | | 98,9% |
| Дали и колку често во текот на последната година сте коментирале на Веб страници и Информативни портали | 11,2% | 7,9% | 80,9% |

# Заклучоци

### Пристап до технологии, пречки и навики на користење на технологиите

1. Пристапот до комуникациски технологии и уреди не е голема пречка за остварување на комуникациските права на лицата со оштетен вид вклучени во оваа анкета. Сепак, значаен дел од оваа популација не поседува во домот паметни уреди, што ги оневозможува лицата со оштетен вид да ги користат придобивките од дигиталните технологии: 65,2% од домаќинствата имаат паметни телефони, 64% имаат паметни телевизори, 60,7% имаат персонални компјутери.
2. Она што на најголем дел од испитаниците им недостасува се: знаења и вештини за работа со компјутер (77,5%), за пребарување содржини на интернет (59,5%), како и за користење паметен телефон (58,4%). Оттаму, разбирлив е податокот дека само една петина од анкетираните лица секојдневно користи компјутер за различни потреби. Ова особено се однесува на повозрасните испитаници кои често немаат на кого да се обратат за помош во домаќинството.
3. Оваа група граѓани, како и општата популација, секојдневно користи мобилен телефон за разговори со други луѓе (95,5%), а најголем дел од времето во денот го минува пред телевизорот (88,8%), следејќи различни програми. Радиото е медиум што многу поретко се користи од телевизијата (24,7%), но тоа веројатно се должи и на посиромашната програмска понуда на радиските содржини. Интернет користат само половина од анкетираните граѓани.

### Преференци за содржини и извори на информирање за домашните настани

4. Лицата со оштетен вид имаат специфични жанровски преференци, што се во голема мера поврзани со видот и степенот на сетилната попреченост. Најмногу сакаат да следат вести (96,6%), но значително помалку дебати и други содржини за политичките настани (41,6%). Втора категорија содржини во нивното секојдневие се музиката (89,9%) и различни комични содржини (86,5%), а дури потоа едукативни содржини (53,9%) и различни видови содржини со корисни совети (48,3%). Значително помалку следат спорт (36%), играни (27%) и документарни филмови (21,1%). Најмал интерес постои за верските содржини (2,2%).
5. Примарен извор на информирање за домашните настани за оваа група граѓани е телевизијата, пред се вестите на ТВ станиците на национално ниво (73%), а потоа и на регионалните и локалните ТВ станици (64,1%). Паралелно со ТВ станиците, трет важен извор на информации се разговорите со блиски лица (63,6% секојдневно или најмалку еднаш неделно разговараат со блиски луѓе за домашните случувања). За оние кои самостојно или со туѓа помош користат интернет, значаен извор на информации за домашните случувања се и информативните портали – тоа се 28,1% од вкупниот број испитаници од оваа категорија.

### Критички ставови за медиумите и начини на проверка на информациите

6. Независно од тоа што телевизиските вести се нивни главен извор на иформации, лицата со оштетен вид имаат изразени критички ставови кон телевизиите: сметаат дека повеќето вести на овие телевизии се партиски обоени (91%), содржат сензационализам (80,9%) и даваат дијаметрално спротивна слика за едни исти настани (60,3%). Освен тоа, околу половина од вкупниот број анкетирани сметаат дека телевизиите ги игнорираат мислењата на оваа ранлива група (52,8%), односно не известуваат доволно за нивните проблеми и потреби (48,3%). Слични критички ставови, само во нешто помала мера, се изразени и кон телевизиите на регионално и на локално ниво.



6. Лицата со оштетен вид кои самостојно или со туѓа помош користат интернет (половина од вкупниот број испитаници) имаат мошне критички ставови кон информативните портали од кои се информираат: сметаат дека се под партиско-политички влијанија (84,8%), нивните содржини се полни со сензационализам (89,1%) и со искривено претставување на настаните (63,1%).
7. Иако лицата со оштетен вид препознаваат кога не може да се верува на одделни информа-ции, сепак се чини дека им недостасуваат и знаења и можности да применат пословени постапки за проверка на информациите. Најчест начин на проверка на информациите се разговорите со други луѓе во нивната блиска околина (51,7%), а најредок е самостојното пребарување и споредба со информации од релевантни извори. (7,8%) Овој наод е очекуван, ако се има предвид и типот на попреченост и возраста на анкетираната група испитаници.

### Користење интернет и облици на партиципација во јавната сфера

9. Само половина од испитаниците со оштетен вид користат интернет (самостојно или со туѓа помош), и тоа најчесто го прават од мобилен телефон (86,9%), а многу поретко од компјутер (50%).

8. Најчеста онлајн активност е комуникација преку Скајп, Вибер, Месинџер, ВатсАп и сл. (91,3%), а потоа комуникацијата преку социјални мрежи (69,6%) и слушањето музика онлајн (45,7%). Помалку од третина одат на информативни портали и други Веб страници (30,4%), пребаруваат информации за работа или студии (28,2%), или користат електронска пошта (27,9%). Понапредните форми на користење интернет (електронско банкарство, купување онлајн и др.) се многу поретки кај оваа група испитаници.

9. Оваа група граѓани ретко ги искажува своите мислења и ставови користејќи ги медиумите: само мал број тоа го прават преку постови (24,7%) и коментари (21,3%) на социјалните мрежи или преку коментари на информативните портали (11,2%) или во директна комуникација со новинари (10,1%) и јавувања во контактни емисии (7,9%).

RESIS
ИНСТИТУТ ЗА
ИСТРАЖУВАЊЕ НА
ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ
www.resis.org.mk